GALLUP International

BRIMA
Macedonian member of GALLUP International and
Associate of Taylor Nelson Sofres

tns

# СТАВОВИ И МИСЛЕЊА НА ЈАВНОСТА ЗА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА Р.МАКЕДОНИЈА

## *Аналитички извештај*

*НОЕМВРИ, ДЕКЕМВРИ 2007*

III Mak. Brigada bb (Upravna zgrada Rade Koncar), 1000 Skopje MACEDONIA
Tel/fax: ++389(02) 2468447 E-mail: office@brima-gallup.com.mk
Reg.No 4392/99 VAT No. MK 4030999372067

# Содржина:

1. Методолошки извештај
2. Прашалник за телефонска анкета
3. Анализа на резултати од телефонска анкета
4. Табеларен извештај (фреквенции на одговори)

# МЕТОДОЛОШКИ ИЗВЕШТАЈ

Истражувањето е спроведено со телефонска анкета при што е користен национално репрезентативен случаен примерок на популација на возраст над 18години (оние што имаат активна фиксна телефонска линија)..

Примерокот беше подготвен користејќи податоци од Државниот Завод за статистика (попис на населението од 2002г.) за популација над 18 години, во однос на структурата на населението според пол, видот на населено место, национална припадност, регион и адаптирана според проценки и примарни информации од базата на податоци на истражувачката агенција БРИМА Галлуп во Скопје.

1) Во првата фаза беше одреден бројот на испитаници во секоја од **76** општина во зависност од бројот на население над 18 години, што живее во тие општини.

2) Во втората фаза, по принцип на случаен избор, анкетарите го избираат телефонскиот број ( телефонските именици за секоја општина им беа обезбедени од Брима), а потоа користејќи го методот "следен роденден"(случаен избор) беше дефинирано кој од потенцијалните испитаници ќе биде интервјуиран. Овој метод вклучува имиња, години, пол и роденден на секој член од домаќинството. На тој начин анкетарот го селектира испитаникот , оној кој е полнолетен и има следен роденден од денот на спроведување на анкетата. Откако ќе ја спроведат оваа процедура тие го спроведуваат интервјуто со избраниот испитаник. Доколку тој/таа не е дома или во моментот на јавување не е во можност да одговори анкетарот закажува интервју и се обидува со уште 2 јавувања истото да го спроведе.

Истражувањето беше спроведено на **1007** испитаници од кои (невејтингувана база на податоци) **781** беа етнички Македонци и останати, а **226** се етнички Албанци, на возраст 18+.

Истражувањето траеше од **14ти** до **18ти** Ноември 2007 година и беше спроведено од тим од **22** анкетари, од кои **17** Македонци и **5** Македонски Албанци.

На семинар одржан на 14ти Ноември пред почетокот на истражувањето анкетарите покрај другото добија инструкции:

- да не ги читаат опциите "Не знае"
- прецизно да ја пополнат демографската секција

Вкупниот број на одбивања е **241**, а **245** повици завршија без можност да се оствари контакт или да се заврши интервјуто со испитаникот.

Податоците беа обработени во Скопје, од БРИМА. **4** кодери го извршија внесувањето на податоците, инструирани од БРИМА.

За добивање на резултатите беа користени специфични методи од **СПСС** посебна статистичка софтверска програма, која овозможи квалитетно сумирање и анализа на резултатите со помош на статистички методи. Адекватноста на позицијата на секој одговор е подредена за секое прашање.

БРИМА Скопје, 07.12.2007

**ПРАШАЛНИК**

**M1.** Број на прашалник __ __ __

**M2.** ТЕЛ: __ __ __ __ __ __ __ __ __

**M3.** Шифра на анкетарот: __ __ __ __

**M4.** Датум: __ __ __ __

**M5.** Број на општина: __ __

**M6.** Регион __

**Q1. Кои хуманитарни организации ги знаете во Македонија?**

**Q1_1.** ___________________
**Q1_2.** ___________________
**Q1_3.** ___________________

**Q1_9.** 9 Не знам **(НЕ СЕ ЧИТА)**

**АКО НЕ ГО СПОМЕНАЛ ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПРАШАЈТЕ**

**Q2. Дали сте слушнале за Црвениот крст на Република Македонија?**

1. Да
2. Не **(ОДИ НА ДЕМОГРАФИЈА)**

**ПРАШАЈ ГИ ИСПИТАНИЦИТЕ КОИ НА Q1 ИЛИ Q2 ОДГОВОРИЛЕ ДЕКА ЗНААТ ЗА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА МАКЕДОНИЈА**

**Q3. Какво е вашето мислење за Црвениот крст на Република Македонија?**

1. Позитивно
2. Неутрално
3. Негативно
9. Не знам **(НЕ СЕ ЧИТА)**

**Q4. Која е првата работа што ви доаѓа на ум кога ке слушнете Црвен крст на Република Македонија?**

_______________________________________

999. Не знае **(НЕ СЕ ЧИТА)**

**Q5. Според ваше мислење кои се основните активности на Црвениот крст на Република Македонија? МОЖНИ ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ**

**Q5_1.** 1. Хуманитарна помош
**Q5_2.** 2. Превентивни програми за здравствена заштита (крводарителство и прва помош)
**Q5_3.** 3. Подигање на свесноста за личната безбедност
**Q5_4.** 4. Ширење на знаењата за Црвениот крст и Меѓународното хуманитарно право
**Q5_5.** 5. Работа со млади
**Q5_6.** 6. Програми за подготвеност и дејствување во случај на катастрофи
**Q5_9.** 9. Не знам **(НЕ СЕ ЧИТА)**

**Q6. Според ваше мислење на кои луѓе Црвениот крст на Република Македонија најмногу им помага?**
**МОЖНИ ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ**

**Q6_1.** 1. Социјални случаи
**Q6_2.** 2. Болни и повредени
**Q6_3.** 3. Бегалци и раселени лица
**Q6_4.** 4. Постари лица
**Q6_5.** 5. Сирачиња и самохрани мајки
**Q6_6.** 6. Хендикепирани лица
**Q6_7.** 7. Жртви на природни катастрофи
**Q6_8.** 8. Друго, запиши______________________
**Q6_9.** 9. Не знам **(НЕ СЕ ЧИТА)**

**Q7. Кои од долунаведените работи ги поврзувате (Ве асоцираат) со Црвениот крст на Република Македонија?**
**МОЖНИ ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ**

**Q7_1.** 1. Независен
**Q7_2.** 2. Политички
**Q7_3.** 3. Хуманитарен
**Q7_4.** 4. Религиозен
**Q7_5.** 5. Ефикасен
**Q7_6.** 6. Чесен
**Q7_7.** 7. Неутрален/непристрасен
**Q7_8.** 8. Богат
**Q7_9.** 9. Застарен од социјалистички тип
**Q7_10.** 10. Бирократски
**Q7_11.** 11. Им помага на оние со врски
**Q7_12.** 12. Транспарентен

---

**Q7_13.** 13. Ниедна од овие **(НЕ СЕ ЧИТА)**
**Q7_99.** 99. Не знам **(НЕ СЕ ЧИТА)**

**Q8. Според ваша оценка колку Црвениот крст на Република Македонија е неутрален (непристрасен) или пристрасен при пружањето помош во однос на етничката припадност на корисникот?**

**На скала од 1-5 каде 1 е означува "потполно пристрасен" а 5 означува "потполно неутрален (непристрасен)"**

| Потполно пристрасен | | | | Потполно непристрасен | Не знам **(НЕ СЕ ЧИТА)** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 9 |

**Q9. Според ваше мислење колку ефикасно Црвениот крст на Република Македонија ги употребува донациите наменети за помош на најзагрозените?**

1. Многу ефикасно
2. Делумно ефикасно
3. Делумно неефикасно
4. Потполно неефикасно
9. Не знам **(НЕ СЕ ЧИТА)**

**Q10. Дали вие или вашето домаќинство некогаш сте дале некоја донација за Црвениот крст на Република Македонија?**

1. Да (**Прашај Q10a, Q10b па скокни на Q11a)**
2. Не (**Скокни на Q11)**

**АКО ОДГОВОРИЛ "Да" НА Q10 ПРАШАЈТЕ:**

**Q10a. За кој повод ја дадовте донацијата?**
**МОЖНИ ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ**

Q10a_1. 1. Кампања
Q10a_2. 2. Акција
Q10a_3. 3. Без повод
Q10a_9. 9. Не знам **(НЕ СЕ ЧИТА)**

**Q10b. Дали донацијата беше во парични средства или друг вид на помош?**
**МОЖНИ ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ**

Q10b_1. 1. Парични средства
Q10b_2. 2. Друг вид на помош

**АКО ОДГОВОРИЛ "Не" НА Q10 ПРАШАЈТЕ:**
**Q11. Зошто? (САМО ЕДЕН ОДГОВОР)**

1. Не сум бил во состојба да подарам нешто
2. Никој не побарал од мене
3. Владата е таа која треба да ја помага работата на Црвениот крст
4. Не верувам дека она што би го подарил правилно би било искористено
8. Одбива да одговори **(НЕ СЕ ЧИТА)**
9. Не знам **(НЕ СЕ ЧИТА)**

**ПРАШАЈ ГИ СИТЕ**

**Q11a. Според Вас кои би требало да бидат донатори на Црвениот Крст на Република Македонија? Наведете неколку.**

**Q11a_str_1 __________________________ (Потпрашај: некој друг?) Q11a_1 __ __**

**Q11a_str_2 __________________________ (Потпрашај: некој друг?) Q11a_2 __ __**

**Q11a_str_3 __________________________ Q11a_3 __ __**

**Q12. Од колкава важност е Црвениот крст на Република Македонија да ги спроведе следните типови на помош:**

**ЕДЕН ОДГОВОР ВО СЕКОЈ РЕД**

| | | Многу важно | Важно | Неважно | Крајно неважно | Не знам **(НЕ СЕ ЧИТА)** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Q12_1** | Домашна нега на постари лица | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| **Q12_3** | Обука за прва помош | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| **Q12_4** | Помош при елементарни непогоди | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| **Q12_5** | Барање на исчезнати лица | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| | | Многу важно | Важно | Неважно | Крајно неважно | Не знам **(НЕ СЕ ЧИТА)** |
| **Q12_7** | Ширење на Меѓународното хуманитарно право | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| **Q12_8** | Превенција во здравствена заштита | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| **Q12_10** | Мотивација на крводарители | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |

**Q13. Дали вие или некој член од вашето домаќинство некогаш примил помош од Црвениот крст на Република Македонија?**

1. Да **(Оди на Q14)**
2. Не **(Скокни на Q15)**
8. Одбива да одговори **(НЕ СЕ ЧИТА)**

**ИСПИТАНИЦИТЕ КОИ ОДГОВОРИЛЕ “Да” ПРАШАЈТЕ ГИ**

**Q14. Како би го оцениле квалитетот на помошта што ја примивте од Црвениот крст на скала од 1-5 (каде 1 е “слаб” а 5 “одличен”) .**

| Слаб | | | | Одличен | Не знам **(НЕ СЕ ЧИТА)** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 9 |

**ПРАШАЈ ГИ СИТЕ**

**Q15. Дали би сакале да се вклучите во некои активности на Црвениот крст на Република Македонија како член или волонтер или пак воопшто не сакате да се вклучите?**

1. Како член **(скокни на Q17)**
2. Како волонтер **(прашај Q15a)**
3. Не сакам да се вклучам **(скокни на Q17)**
4. Не сум размислувал за тоа **(НЕ СЕ ЧИТА)** **(скокни на Q17)**
9. Не знам **(НЕ СЕ ЧИТА)** **(скокни на Q17)**

**Q15a. Дали досега некогаш сте се вклучиле во активностите на Црвениот крст на РМ како волонтер?**

1. Да **(скокни на Q17)**
2. Не **(прашај Q15b)**

**Q15b. Рековте дека би сакале да се вклучите како волонтер во активностите на Црвениот крст, но се уште не сте го направиле тоа. Зошто?**

**Q15b_str** ____________________________________________ **Q15b** __ __

**ПРАШАЈ ГИ СИТЕ**

**Q17. Дали во последните три месеци сте слушнале/виделе нешто во врска со активностите на Црвениот крст на Република Македонија?**

1. Да
2. Не

**ИСПИТАНИЦИТЕ КОИ ОДГОВОРИЛЕ "Да" ПРАШАЈТЕ ГИ**
**Q18. Каде? (МОЖНИ ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ)**

**Q18_1.** 1. На ТВ
**Q18_2.** 2. На радио
**Q18_3.** 3. Во дневниот печат
**Q18_4.** 4. Магазини
**Q18_5.** 5. Памфлети или брошури
**Q18_6.** 6. Слушнал од роднини или пријатели
**Q18_7.** 7. Теренски активности
**Q18_8.** 8. Светлечки реклами/ билборди
**Q18_9.** 9. Не знам **(НЕ СЕ ЧИТА)**

## ДЕМОГРАФИЈА

**D1. Пол:**

| | |
|---|---|
| 1 | Маж |
| 2 | Жена |

**D2. Која е Вашата возраст?** __ __

**D3. Образование?**

| | |
|---|---|
| 1 | Основно |
| 2 | Средно |
| 3 | Високо |

**D4. Националност?**

| | |
|---|---|
| 1 | Македонец |
| 2 | Албанец |
| 3 | Турчин |
| 4 | Ром |
| 5 | Србин |
| 6 | Бошњак |
| 7 | Влав |
| 8 | Друго |

**D5. Колку членови брои вашето домаќинство вклучувајќи ве и вас:**

— —

**D6. Работен статус:**

| | |
|---|---|
| 1 | Вработен |
| 2 | Невработен, стечаец, технолошки вишок |
| 3 | Пензионер |
| 4 | Домаќинка |
| 5 | Студент/ученик |
| 6 | Друго _____________ |

**D7. Дали вие или член на вашето домаќинство прима(л) социјална помош?**

| | |
|---|---|
| 1. | Да, сега примаме |
| 2. | Не, но примавме порано |
| 3. | Не, никогаш не сме примале |
| 8. | Одбива да одговори **(НЕ СЕ ЧИТА)** |
| 9. | Не знае **(НЕ СЕ ЧИТА)** |

**D8. Отприлика, колкави се вашите семејни (во домаќинството) просечни месечни приходи (што ги заработуваат сите членови во домаќинството)?**

01. 0 - 3,000 ден.
02. 3,001 - 6,000 ден.
03. 6,001 - 9,000 ден.
04. 9,001 - 12,000 ден.
05. 12,001 - 15,000 ден
06. 15,001 - 18,000 ден
07. 18,001 - 21,000 ден
08. 21,001 - 24,000 ден
09. 24,001 - 27,000 ден
10. 27,001 - 30,000 ден
11. 30,001 - 45,000 ден
12. 45,001 + ден
13. Одбива да одговори **(НЕ СЕ ЧИТА)**
14. Не знам **(НЕ СЕ ЧИТА)**

**D9. Дали би сакале да учествувате во друго наше истражување во текот на оваа година?**

| | |
|---|---|
| 1 | Да |
| 2 | Не |

**D10. Населено место**

| | |
|---|---|
| 1 | Село |
| 2 | Град |

**"Потврдувам дека ја спроведов анкетата придржувајќи се на инструкциите дадени во БРИМА"**

**Име и презиме:** ___________________

**Потпис:**_____________
**Дата:**

**D11.** ШИФРА НА КОДЕР ___ ___

# АНАЛИЗА

## Испитување на јавното мислење за работата на Црвениот Крст на Македонија

Анализата се базира на основа на податоци добиени со телефонска анкета, спроведена на национално репрезентативен примерок со кој се опфатени 1007 испитаници на возраст 18+. Маргиналната грешка изнесува +/- 3.1%. Анкетата е спроведена од 14ти - 18ти Ноември 2007 .

Со цел да се овозможи компаративна анализа на двата брана од истражувањето (Ноември 2006 и Ноември 2007 год.) спроведена е стандардна weighting (пондерирање) процедура по 3 критериуми: пол, возрасни групи и етничка припадност.

## 1. Свесност за хуманитарните организации во Република Македонија

### 1.1 Спонтана свесност за хуманитарните организации во РМ

На ниво на вкупен примерок кај повеќе од 1/2 од анкетираните (59%) не постои спонтана свесност за хуманитарните организации во РМ (54% во 2006г.), а 41% од испитаниците спонтано спомнале некоја хуманитарна организација (во понатамошен текст ХО).

*Табела 1*
*Спонтана свесност за ХО во РМ на ниво на цела популација (18+ год) во Р.Македонија*
*(ИСПИТАНИЦИТЕ ИМАЛЕ МОЖНОСТ ДА НАВЕДАТ ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ )*

| | | Bran | |
|---|---|---|---|
| | | Vo 2006 | Vo 2007 |
| | | Col Response % | Col Response % |
| Koi humanitarni organizacii vo Makedonija gi znaete? | Ne znam | 54.2% | 59.1% |
| | Crven Krst | 19.9% | 21.0% |
| | El Hilal | 12.6% | 9.3% |
| | Drugo | 12.2% | 7.1% |
| | Klasje na dobrinata | 5.3% | 3.1% |
| | UNICEF | 1.7% | 2.5% |
| | Majka Tereza | 2.1% | 1.7% |
| | Crvena Polumesecina | 2.1% | 1.1% |
| | Megjasi | 1.6% | 1.1% |
| | Organizacii na zeni | 1.2% | 1.0% |
| | UNHCR | 1.5% | .7% |
| | Samarijan | 1.2% | .8% |
| | USAID | .5% | 1.2% |
| | Majka | .5% | 1.1% |
| | Hendikep | .8% | .7% |
| | Karitas | .7% | .7% |
| | Dare Djambaz | 1.1% | .3% |
| | Tose Proeski | | 1.2% |
| | Blagovestie | .8% | .4% |
| | UNESCO | .8% | .3% |
| | SOS | .5% | .5% |
| | Romska humanitarna organizacija | .9% | |
| | Jeta | .6% | .2% |
| | Dobro delo - Bamerisia | .6% | |
| | UNDP | .6% | |
| | Polio plus | | .5% |
| | Sonce - Tetovo | .5% | |
| | Soros | .5% | |
| | Violeta Tomovska | | .3% |
| | Zivotna iskra | | .3% |
| | Boris Trajkovski | | .3% |
| | Ramkovski | | .3% |
| | Most | | .3% |
| | Esma Redjepova | | .3% |
| | Nevladini organizacii | | .2% |
| | Iskra | | .2% |
| Total | | 125.0% | 117.8% |

Како и во истражувањето во 2006 год. и во ова истражување кај мажите постои поголема спонтана свесност за ХО (47% од испитаниците од машки пол спомнале најмалку една ХО, наспроти 35% кај испитаниците од женски пол).

Кај помладите испитаници постои поголема свесност за ХО (59% од испитаниците на возраст 18-24 спомнале најмалку една ХО, наспроти 22% кај испитаниците постари од 65 години).

Образованието е фактор што влијае на степенот на спонтана свесност за ХО во РМ. 74% од испитаниците со ниво на образование до основно не наведуваат ниту една ХО, наспроти 41% со високо образование.

Спонтаната свесност за ХО во РМ кај испитаниците од различна етничката припадност е во слични пропорции (нема статистички значајна разлика).

Најмала спонтана свесност за ХО во РМ постои кај жени домаќинки (74% од нив не наведуваат ниту една ХО) и кај пензионерите (73%), наспроти 40% од студентите/учениците (слична структура како и во истражувањето во 2006 год.).

Кај испитаниците во категоријата Социјално загрозени (со вкупни месечни просечни приходи до 3000 ден.) и кај категоријата Подпросечни (3001- 9000 ден) постои најмала спонтана свесност за ХО во РМ (71-73% од нив не наведуваат ниту една ХО ), наспроти категоријата Богати  (семејни приходи над 27000 ден.) каде овој процент изнесува 44%..

И во двете истражувања (Ноември 2006- Ноември 2007) спонтаната свесност за ХО во РМ во руралната средина е помала во однос на урбаната.

Спонатана свесност порегиони се движи во опсег од 29% во Повардарски регион до 47% во Полошкиот регион.

Земајќи ги за анализа испитаниците кај кои постои спонтана свесност за ХО во Република Македонија (спомнале барем една ХО) на следната табела е даден листингот на најчесто спомнати ХО во РМ. *(ИСПИТАНИЦИТЕ ИМАЛЕ МОЖНОСТ ДА НАВЕДАТ ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ )*

***Табела 2***

***Рејтингот на ХО помеѓу граѓаните кои спонтано наведуваат одредена ХО***

*(ИСПИТАНИЦИТЕ ИМАЛЕ МОЖНОСТ ДА НАВЕДАТ ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ ):*

| | | Bran | |
|---|---|---|---|
| | | Vo 2006 | Vo 2007 |
| | | Col % | Col % |
| Koi humanitarni organizacii vo Makedonija gi znaete? | Crven Krst | 43 | 51 |
| | El Hilal | 27 | 23 |
| | Drugo | 27 | 17 |
| | Klasje na dobrinata | 12 | 8 |
| | UNICEF | 4 | 6 |
| | Majka Tereza | 5 | 4 |
| | Crvena Polumesecina | 5 | 3 |
| | Megjasi | 4 | 3 |
| | Organizacii na zeni | 3 | 2 |
| | UNHCR | 3 | 2 |
| | Samarijan | 3 | 2 |
| | USAID | 1 | 3 |
| | Majka | 1 | 3 |
| | Hendikep | 2 | 2 |
| | Karitas | 1 | 2 |
| | Dare Djambaz | 2 | 1 |
| | Tose Proeski | | 3 |
| | Blagovestie | 2 | 1 |
| | UNESCO | 2 | 1 |
| | SOS | 1 | 1 |
| | Romska humanitarna organizacija | 2 | |
| | Jeta | 1 | 1 |
| | Dobro delo - Bamerisia | 1 | |
| | UNDP | 1 | |
| | Polio plus | | 1 |
| | Sonce - Tetovo | 1 | |
| | Soros | 1 | |
| | Violeta Tomovska | | 1 |
| | Zivotna iskra | | 1 |
| | Boris Trajkovski | | 1 |
| | Ramkovski | | 1 |
| | Most | | 1 |
| | Esma Redjepova | | 1 |
| | Nevladini organizacii | | 1 |
| | Iskra | | 1 |
| Total | | 155 | 143 |

НАПОМЕНА: Во категоријата Друго се опфатени сите други други одговори кои се јавуваат 1-2 пати т.е. со многу мала фреквенција.

- Најчесто споменат е Црвениот Крст на Македонија, спонтано го наведуваат 51% (43% во 2006 год., статистички значајна разлика на ниво од 95% сигурност);
- На второ место е Ел Хилал, спонтано го наведуваат 23%;
- На трето место е Класје на добрината, 8%
- На четврто место е УНИЦЕФ, 6%
- На петто место е Мајка Тереза, 4%.

Сите останати ХО имаат рејтинг помал од 4%.
Индикативна е спонтаната свесност за Црвениот Крст на РМ во однос на етничката припадност:

12 % од етничките Албанци спонтано го спомнале ЦК на РМ;
63 % од етничките Македонци, и
68 % од припадниците на Другите етнички заедници (кумулатив од Роми, Турци, Срби, Власи, Бошњаци и др.)

Во урбаните средини постои поголема спонтана свесност (57%) за ЦК на РМ во однос на руралните средини (42%).

## 1.2 Потпомогнато (промптно) познавање на ЦКМ

Испитаниците кои спонтано не го спомнале ЦКМ дополнително беа прашани “Дали сте слушнале за ЦК на РМ”. 94% од нив одговориле потврдно, а 6% одговориле дека не слушнале за ЦК на РМ.

Вкупната свесност за ЦК на РМ ја добиваме како кумулатив од спонтаната + промптната (поттикната) свесност и таа изнесува 95% од вкупниот број на испитаници во истражувањето.

*Табела 3*

*% within Nacionalnost*

| *Bran* | | | *Nacionalnost* | | | *Total* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | *Makedonec* | *Albanec* | *Ostanati* | |
| *Vo 2006* | *Vkupna svesnost za CK na RM* | *Ne e svesen za CK na RM* | *3%* | *17%* | *2%* | *6%* |
| | | *Svesen (spontano + promptno) za CK na RM* | *97%* | *83%* | *98%* | *94%* |
| | *Total* | | *100%* | *100%* | *100%* | *100%* |
| *Vo 2007* | *Vkupna svesnost za CK na RM* | *Ne e svesen za CK na RM* | *4%* | *7%* | *6%* | *5%* |
| | | *Svesen (spontano + promptno) za CK na RM* | *96%* | *93%* | *94%* | *95%* |
| | *Total* | | *100%* | *100%* | *100%* | *100%* |

Постои статистички значаен пораст на вкупната свесност за Црвениот Крст на РМ кај испитаниците етнички Албанци (од 83% во 2006, на 93% во 2007).

## 1.3 Социодемографски профил на сегментот на јавноста која не слушнала за ЦК на РМ

Иако процентот на оние кои што не слушнале за ЦК на РМ е мал (5%) анализата на демографските карактеристики на оваа група на луѓе е релевантен за формирање целосна слика за факторите кои ја детерминираат вкупната свесност на граѓаните за ЦК на РМ.

Анализата на социодемографскиот профил на сегментот од јавноста кој нема сознанија за ЦК на РМ покажува дека тој главно е лоциран во неколку социјални сегменти и неговата распределеност во јавноста има специфичен социјален профил. Резултатите покажуваат дека:

36% од нив се жени домаќинки (во 2006 биле 56%), а околу 1/3 (30%) се пезионери.

Три четвртини од нив се со основно образование (во 2006 биле 90%).

Доминираат испитаници од руралните средини.

НАПОМЕНА: Во следниот дел од анализата под поимот испитаници се подразбираат оние кои што на било кој начин (спонтано или промптно) го спомнале ЦК на РМ и опфаќа 95% од сите анкетирани.

## 2. Мислење за ЦК на РМ

69% од испитаниците во 2007 год. кои го препознаваат ЦК на РМ имаат позитивно мислење за ЦК на РМ, 19% имаат неутрално, а 5% имаат негативно мислење.

Компаративна табела за истражувањата од 2006 и 2007 год. е следнава:
*Табела 4*

*% within Pol*

| *Bran* | | | *Total* |
|---|---|---|---|
| *Vo 2006* | *Kakvo e Vaseto mislenje za Crveniot Krst na Republika Makedonija?* | *Pozitivno* | *67%* |
| | | *Neutralno* | *20%* |
| | | *Negativno* | *7%* |
| | | *Ne znam* | *5%* |
| | *Total* | | *100%* |
| *Vo 2007* | *Kakvo e Vaseto mislenje za Crveniot Krst na Republika Makedonija?* | *Pozitivno* | *69%* |
| | | *Neutralno* | *19%* |
| | | *Negativno* | *5%* |
| | | *Ne znam* | *7%* |
| | *Total* | | *100%* |

Гледано во структура дистрибуцијата на одговорите во двете истражувања е симетрична.

*Табела 5*

*% within Nacionalnost*

| *Bran* | | | *Nacionalnost* | | | *Total* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | *Makedonec* | *Albanec* | *Ostanati* | |
| *Vo 2007* | *Kakvo e Vaseto mislenje za Crveniot Krst na Republika Makedonija?* | *Pozitivno* | *76%* | *60%* | *43%* | *69%* |
| | | *Neutralno* | *17%* | *15%* | *43%* | *19%* |
| | | *Negativno* | *4%* | *7%* | *9%* | *5%* |
| | | *Ne znam* | *4%* | *17%* | *4%* | *7%* |
| | *Total* | | *100%* | *100%* | *100%* | *100%* |

Критички став (негативно мислење) во однос на ЦК на РМ имаат 4% од етничките Македонци, 7% од етничките Албанци и 9% од испитаниците од другите етнички групи.

ЦК на РМ има позитивен имиџ кај доминантниот дел од популацијата,во просек двајца од тројца анкетирани што го препознаваат ЦК (слична пропорција во 2006 год.).

## 3. Прва асоцијација за ЦК на РМ

Општо земено асоцијациите на испитаниците со ЦК на РМ се многу позитивни. На прашањето "Која е првата работа што ви доаѓа на ум кога ќе слушнете ЦК на РМ" во најголем број случаи (34%од испитаниците) ЦК на РМ го асоцираат со помош (како општ поим). (Во овој бран одговорите на оние испитаници кои што специфицирале одреден тип на помош се прикажани во посебни категории, кои ако се кумулираат со категоријата "помош" би дошле до севкупна асоцијација на категоријата помош од 42%). Хуманоста е застапена со 17%, а асоцијација со крводарителство искажале 13% од испитаниците .

*Табела 6 (ИСПИТАНИЦИТЕ ИМАЛЕ МОЖНОСТ ДА НАВЕДАТ ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ )*

*% within Pol*

| *Bran* | | | *Total* |
|---|---|---|---|
| *Vo 2007* | *Koja e prvata rabota sto vi doagja na um koga ke slusnete Crven Krst na Republika Makedonija?* | *Pomos* | *33.6%* |
| | | *Krvodaritelstvo* | *12.9%* |
| | | *Pomos na siromasni,zagrozeni,bolni,deca,postari* | *6.9%* |
| | | *Dobrina, nesto dobro(ubavo), dobrotvorna cel* | *2.8%* |
| | | *Humanost* | *16.7%* |
| | | *Da podaram nesto, donacija (hrana, obleka)* | *2.5%* |
| | | *Negativni asocijacii* | *2.3%* |
| | | *Siromastija* | *.3%* |
| | | *Solidarnost* | *.3%* |
| | | *Spasuvanje covecki zivoti* | *.6%* |
| | | *Pomos pri katastrofi, krizi, raseleni lica* | *1.4%* |
| | | *Zdravje, zdravstvo* | *.3%* |
| | | *Drugo* | *1.0%* |
| | | *Nisto* | *.6%* |
| | | *Ne znam* | *17.7%* |
| | *Total* | | *100.0%* |

И покрај тоа што преовладуваат позитивни асоцијации, мора да се спомене дека 18% не знаат со што би го поврзале ЦК на РМ.

Најчесто (50%) од испитаниците од албанска етничка припадност не знаат со што би го поврзале ЦК на РМ.

45% од домаќинките одговориле со "Не знам ".
36% од испитаниците со основно образование исто така не знаат.

## 4. Основни активности на ЦК на РМ

Од сите активности на ЦК на РМ најчесто наведена е хуманитарната помош (89% од испитаниците), потоа 71%од нив ги спомнале превентивните програми за ЗЗ (крводарителство и прва помош), 45% од нив спомнале програми за подготвеност и дејствување во случај на катастрофи итн.

*Табела 7 (ИСПИТАНИЦИТЕ ИМАЛЕ МОЖНОСТ ДА НАВЕДАТ ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ )*

| | | Bran | |
|---|---|---|---|
| | | Vo 2006 | Vo 2007 |
| | | Total | Total |
| | | Col % | Col % |
| Koi se osnovnite aktivnosti na CK na RM? | Humanitarna pomos | 90% | 89% |
| | Prevent.programi za ZZ (krvodar./prva pomos) | 62% | 71% |
| | Programi za podgot./dejstv. pri katastrofi | 50% | 45% |
| | Rabota so mladi | 26% | 32% |
| | Sirenje na znaenjata za CK i Megj. Hum. Pravo | 20% | 27% |
| | Podiganje na svesnosta za licnata bezbednost | 18% | 23% |
| | Ne znam | 4% | 5% |
| Total | | 270% | 292% |

Општо земено, испитаниците од албанска етничка припадност во помал процент ги познаваат основните активности на ЦК на РМ. Имено, 16% од испитаниците етнички Албанци (15% во 2006 год.) не препознале ниту една од основите активности на ЦК на РМ.

Домаќинките во помал процент ги познаваат активностите на ЦК на РМ.

## 5. На кои луѓе ЦК на РМ најмногу им помага

Според 2/3 од испитаниците (63%) социјалните случаи се групата луѓе на која ЦК на РМ најмногу им помага, 59% ги навеле сирачињата и самохраните мајки, 56% ги навеле бегалците и раселените лица, 55%жртви на природни катастрофи, а 57% изјавиле дека тоа се хендикепираните лица.

*Табела 8 (ИСПИТАНИЦИТЕ ИМАЛЕ МОЖНОСТ ДА НАВЕДАТ ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ )*

| | | *Bran* | |
|---|---|---|---|
| | | *Vo 2006* | *Vo 2007* |
| | | *Col %* | *Col %* |
| *Na koi lugje CK na RM najmnogu im pomaga?* | *Socijalni slucai* | *65* | *63* |
| | *Siracinja i samohrani majki* | *50* | *59* |
| | *Begalci i raseleni lica* | *46* | *56* |
| | *Hendikepirani lica* | *44* | *57* |
| | *Zrtvi na prirodni katastrofi* | *46* | *55* |
| | *Bolni i povredeni* | *39* | *54* |
| | *Postari lica* | *29* | *46* |
| | *Ne znam* | *5* | *6* |
| | *Drugo* | *6* | *3* |
| *Total* | | *331%* | *398%* |

Во просек во 2007 год. секој испитаник спомнал околу 4 (3.98) различни одговори.

Овде не познавањето на групите на луѓе на кои ЦК на РМ им помага има етнички предзнак т.е. секој четврти испитаник етнички Албанец (24%) одговорил со “Не знам” наспроти 1% кај испитаниците етнички Македонци.

## 6. Имиџот на ЦК на РМ формиран врз основа на преференција на атрибутите поврзани со ЦК на РМ

И во ова истражување од 2007 год. во контекст на позитивниот имиџ на ЦК на РМ кај повеќето од испитаниците доминира преференцијата на позитивните атрибути поврзани со работата на ЦК на РМ. Општа констатација е зголемен процент на бројот на испитаници кои ги истакнуваат позитивните атрибути за ЦК на РМ:

1. Хуманитарност (од 64% во 2006 на 81% во 2007)
2. Независен (од 29% во 2006 на 41% во 2007)
3. Чесен (од 25% во 2006 на 36% во 2007)
4. Неутрален, непристрасен (од 15% во 2006 на 35% во 2007)
5. Ефикасен (од 15% во 2006 на 30% во 2007)
6. Транспарентен (од 6% во 2006 на 18% во 2007)

***График 1***
***Кои работи ги поврзувате (Ве асоцираат) со ЦКМ?***




Исто така значајно да се спомне е и намалувањето на процентот на испитаници ко сметаат дека ЦК на РМ им помага на оние со врски.

Процентот на испитаници етнички Албанци е неколку пати помал од испитаниците етнички Македонци во однос на атрибутите: независноста, чесноста и неутралноста.

## 7. Колку ЦК на РМ е пристрасен/непристрасен при пружање помош во однос на етничката припадност на корисникот

Пристрасноста/непристрасноста на ЦК на РМ е испитувана со 5-то степена мерна скала каде што 1= Потполно пристрасен, 3= Ниту пристрасен , ниту непристрасен и 5= Потполно пристрасен. Просечната вредност на одговорите е 4.12 што значи дека е над неутралниот став и бележи пораст во однос на просечната вредност од 2006 год. која изнесуваше 3.72 (статистички значајна разлика).

*Табела 9*

*Kolku CK na RM e nepristrasen ili pristrasen pri pruzanje pomos vo odnos na etnicka pripadnost na korisnikot?*

| *Bran* | *Nacionalnost* | *Prosecna ocenka* |
|---|---|---|
| *Vo 2006* | *Makedonec* | *3.80* |
| | *Albanec* | *3.19* |
| | *Ostanati* | *3.98* |
| | *Total* | *3.72* |
| *Vo 2007* | *Makedonec* | *4.33* |
| | *Albanec* | *3.55* |
| | *Ostanati* | *3.72* |
| | *Total* | *4.12* |

Во истражувањето од 2007 год. постои статистички значајна разлика во порастот на просечната оценка и кај етничките Македонци и кај етничките Албанци во однос на 2006 год., а намалувањето кај останатите етнички групи не е статистички значајно.

Тоа значи дека голем дел од испитаниците (63%) ЦК го оцениле како непристрасен. Секој петти (19%) оценил дека ЦК не е ниту пристрасен, ниту непристрасен, 7% оцениле дека е пристрасен, а 11% не можеле да дадат своја оценка.

## 8. Ефикасноста на ЦК на РМ при употреба на донациите за помош на најзагрозените

Околу 3/4 од испитаниците (74%) сметаат дека ЦК на РМ ефикасно ги употребува донациите наменети за помош на најзагрозените (66% во 2006 год.).

## 9. Донации за ЦК на РМ

На прашањето "Дали Вие или вашето домаќинство некогаш сте дале некоја донација за ЦК на РМ" 57% од испитаниците потврдно одговориле.

Повеќе од половина (55%) од оние што некогаш донирале нешто изјавиле дека тоа го направиле без повод (само иницијативно), 42% донирале нешто при некаква конкретна акција и 18% при некоја кампања.

Испитаниците дополнително ги прашавме дали донацијата била во парични средства или друг вид на помош, на што се добиени следниве одговори:

*Табела 10 (ИСПИТАНИЦИТЕ ИМАЛЕ МОЖНОСТ ДА НАВЕДАТ ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ )*

| | | *Bran* |
|---|---|---|
| | | *Vo 2007* |
| | | |
| | | *Col %* |
| *Dali doniravte paricni sredstva ili drug vid na pomos?* | *Drug vid na pomos* | *90%* |
| | *Paricni sredstva* | *25%* |
| *Total* | | *116%* |

НАПОМЕНА: 116%-100%= 16% од испитаниците спомнале дека донирале и парична и дрsг вид на помош.

Овие испитаници кои донирале парични средства изразени во проценти од соодветветните етнички групи се :

17% од етничките Македонци
4% од етничките Албанци
16% од другите етнички групи.

Испитаниците кои не донирале некоја донација за ЦК на РМ дополнително беа прашани за причините поради кои не донирале за ЦК на РМ. Како и во претходното истражување од 2006 год. мал е процентот на испитаниците кои не веруваат дека нивните донации правилно би се искористиле (10% во 2006год., 7% во 2007 год.).

Другите причини се прикажани во следнава табела:

*Табела 11*

*Zosto ne ste dale donacija za CK na RM?*

| | | *%* |
|---|---|---|
| | *Ne sum bil vo sostojba da podaram nesto* | *35* |
| | *Nikoj na pobaral od mene* | *24* |
| | *Vladata treba da ja pomaga rabotata na CK* | *6* |
| | *Ne veruvam pravilno bi bilo iskoristeno* | *7* |
| | *Odbiva da odgovori* | *6* |
| | *Ne znam* | *21* |
| | *Total* | *100* |

Во истражувањето од 2007 год. испитаниците дополнително ги прашавме кои според нивно мислење би требало да бидат донатори на ЦК на РМ. Овозможено е спонтано да наведат повеќе можни донатори.

*Табела 12 (ИСПИТАНИЦИТЕ ИМАЛЕ МОЖНОСТ ДА НАВЕДАТ ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ )*

| | | Col % |
|---|---|---|
| *Koi bi trebalo da bidat donatori na CK na RM?* | *Bogati gragjani, tie sto imaat* | *42.3* |
| | *Vladata, drzavata* | *40.3* |
| | *Site* | *33.1* |
| | *Firmi* | *18.8* |
| | *Ne znam* | *12.8* |
| | *Bogati (po uspesni, stabilni) firmi* | *8.1* |
| | *Organizacii* | *7.1* |
| | *Biznismenite* | *6.5* |
| | *Stranski investicii* | *6.0* |
| | *Humani gragjani* | *3.2* |
| | *Partii, pratenici* | *2.9* |
| | *Drugo* | *2.0* |
| | *Poznati licnosti* | *1.3* |
| | *Humanitarni koncerti* | *1.0* |
| | *Evropska Unija* | *.9* |
| | *Lokalna vlast, opstini* | *.6* |
| | *Zdravstvoto* | *.2* |
| *Total* | | *187.1%* |

Би ги истакнале следниве одговори:

42% од испитаниците спомнале дека богатите граѓани би требало да бидат донатори на ЦК на РМ

40% сметаат дека тоа би требало да биде Владата (Државата)

33% сметаат дека тоа би требало да се сите граѓани на Р.Македонија.

## 10. Важност за спроведување на одредни типови помош од страна на ЦК на РМ

Со анализа на одговорите "Многу важно" се доаѓа до следната листа на приоритети при спроведувањето на помош од страна ЦК:

- на прво место се мотивацијата на крводарители со 63% (65% во 2006год.) и помош при елементарните непогоди со 63% (61% во 2006год.);
- на трето место е домашна нега на постари лица со 52%(51% во 2006год.);
- на четврто место е барање на исчезнати лица со 50% (46% во 2006год.);
- петта по важност (46%) е превенцијата во здравствената заштита; (43% во 2006год.)
- шеста е обука за прва помош со 45% (38% во 2006год.);
- на седмо место е по важност е ширење на меѓународното хуманитарно право со 40% (25% во 2006 год)

Ниските проценти на одговорите "Не знам" потврдуваат висок степен на свесност на испитаниците за нивните приоритети за одредени типови на помош пружени од страна на ЦК на РМ.

## 11. Колку од анкетитраните примиле помош од ЦК и нивна оценка за помошта

Околу 8% од испитаниците изјавиле дека некогаш примиле помош во нивното домаќинство од ЦК на РМ.

Невработени, стечајците, луѓето прогласени за технолошки вишок и пензионерите во повисок процент некогаш примиле помош од ЦК во однос на другите.

